

Сузане Крогман, родена во , има диплома по Економија од Georg-August-University, Готинген, Германија и студирала Европска интеграција на College of Europe, Бруж, Белгија.
Сузане Крогман ја започнала својата кариера во Treuhandanstalt, агенција во државна сопственост одговорна за приватизација на претпријатијата и средствата од поранешната Демократска Република Германија. Во текот на нејзината петгодишна работа во Treuhandanstalt, таа работела во секторот за контрола и во секторот за управување со договори. Последните 2 години во Treuhandanstalt била на позицијата менаџер за клучни корисници одговорна за неколку компании во хемиската индустрија.
Сузане Крогман се приклучи на Дојче Телеком во 1999 година. Повеќе од 8 години работеше на различни позиции во Одделот за регулаторни и јавни прашања, особено на полето на регулаторна економија и регулаторна стратегија. Потоа ја презеде позицијата Раководител за „Стратегија за корпоративна одговорност и контрола“ на ниво на Групација каде што креираше нова Стратегија за корпоративна одговорност за Групацијата ДТ.
По зголемување на свеста за безбедноста на податоците и заштита на податоци во Дојче Телеком, подоцна таа работеше на проект за безбедноста на податоците со личен фокус на безбедноста на податоците на корисниците.
Од крајот на 2009 година таа е на позицијата Заменик претседател на Корпоративно Управување Европа во рамките на Одборот за Европа на Дојче Телеком. Таа стана член на Одборот на директори на Црногорски Телеком во 2011 година. Од 2012 година таа исто така е член на Одборот на директори на Македонски Телеком и на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија. Сузане Крогман е член и на Надзорниот одбор на Т-Мобиле Република Чешка од 2013 година.

Преведено од Лингва Експерт